A- A A+

(https://www.facebook.com/mvr.gov.mk/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Последни вести (/vesti)
Министерство (/page/ministerstvo)
Фото галерија (/foto-galerii)
(/default)
МИНИСТЕРСТВО (/page/ministerstvo) АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ (/analizistatistiki/site) ПРОЕКТИ И КАМПАЊИ ЛЕГИСЛАТИВА ЛИНКОВИ УСЛУГИ (/page/vidovi-uslugi) МЕДИА ЦЕНТАР

Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

## Извадок на дел од дневни настани 08.08.2019

На 08.08.2019 околу 1 часот, на регионалниот пат Тетово-Јажинце, во Доброште, полициски службеници на Секторот за внатрешни работи Тетово запреле патничко моторно возило „Сузуки‟ со тетовски регистарски таблици, што го управувал 43-годишниот Б.М. од тетовското село Нераште, а во кое како совозач се наоѓал 34-годишниот Р.М. од истото село. Кај Р.М. е пронајдена марихуана и ризла, поради што лишен е од слобода и задржан во Полициската станица Тетово за целосно расчистување на случајот.

На 07.08.2019 околу 15 часот и 30 минути, лишени од слобода се Ш.О.(21) и Е.М.(18), двете од Гостивар, поради сомнение за уцена на 27-годишна девојка, на која и се заканувале дека ако не даде пари и мобилен телефон ќе објават нејзини компромитирачки материјали. По документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 07.08.2019 год. во времето од 09.00 до 15.00 часот на подрачјето на СВР Велес направена е контрола на техничка исправност на возила, при што се констатирани 22 прекршоци, од кои во Велес девет, во Кавадарци девет и во Неготино 4 возила. Неисправните возила се отстранети од сообраќај, а против возачите се изречени соодветни казни.

На 07.08.2019 во 21,15 часот било пријавено дека на патот Прилеп-Битола, на место викано .„Бучила", се случила сообраќајна незгода помеѓу товарно моторно возило „Цитроен" со штипски регистарски ознаки, управувано од В.Г.(57) од Радовиш, и патничко моторно возило „Сузуки Свифт" со прилепски регистарски ознаки, управувано од Д.Б.(31) од Прилеп. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил В.Г., а со телесни повреди се здобил Д.Б. по што биле пренесени во Градската болница Прилеп за укажување на лекарска помош. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од Полициската станица Прилеп.

На 07.08.2019 во 22,00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосницата од улицата "Народни херои" и улицата "Вера Јоциќ" се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило "Голф" со скопски регистарски ознаки, управувано од С.Ј.(37) од с.Чифлик-скопско, и мотоцикл "Пиаџо Беверли" со скопски регистарски ознаки, управуван од Д.А.(22) од Скопје. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот од мотоциклот Ѓ.М.(24) од Скопје, а со телесни повреди се здобил моторциклистот и биле пренесени во Градската општа болница "Св.Наум Охридски" за укажување на лекарска помош. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР Скопје.

На 07.08.2019 во 08,00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на автопатот Куманово-Скопје се случила сообраќајна незгода во која патничко моторно возило "Форд фиеста" со кумановски регистарски ознаки, управувано од В.Т.(25) од Куманово, излетало од коловозот. Во незгодата возачот се здобил со тешки телесни повреди и бил пренесен во комплексот клиники "Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР Скопје.

На 07.08.2019 во 13,00 часот било пријавено дека на улицата "Ферид Мурати" се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило "Фолксваген Голф" со кумановски регистарски ознаки, управувано од И.Б.(44) од с.Никуштак-куманоско и патничко моторно возило "Мерцедес КУЈ 518" со германски национални ознаки, управувано од В.А.(31) од с.Студеничани-скопско. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобила сопатничката од возилото "Фолксваген Голф" М.Б.(44) од с.Никуштак-кумановско и била пренесена во Градската општа болница "Свети Наум Охридски" за укажување на лекарска помош, а со телесни повреди се здобила друга сопатничка од истото возило Н.Б.(18) од с.Никуштак-кумановско по што била пренесена во Комплексот клиники "Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР Скопје.

На 07.08.2019 година во 21,00 часот во Полициската станица Центар О.Т.(54) од Скопје, пријавил дека на булеварот "Кузман Јосифовски Питу" бил каснат од две кучиња скитници во пределотна нозете.

Во текот на изминатиот ден (07.08.2019) на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје превземени се мерки и активности и констатирано е дека 41 возач управувале возила со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај се исклучени 22 возачи од кои: седум возачи затоа што управувале возила под дејство на алкохол, 13 возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право за управување на моторно возило и двајца возачи-почетници кои не ги почитувале сообраќајните прописи согласно ЗБСП. Исто така, исклучени од сообраќај се и 17 возила од кои 16 возила бидејќи биле нерегистрирани и едно возило поради претовар. Санкциониран е еден возач поради поминување на крстосница на црвено светло, тројца возачи поради недавање првенство на минување на пешаци, двајца возачи поради неправилно престројување, тројца возачи поради неправилно престигнување, четворица возачи поради недавање првенство на минување на возила во зона на крстосница, 10 возачи на моторцикли поради неносење заштитен шлем, осум возачи поради неносење сигурносен појас за време на управување на моторно возило и 23 возачи поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во текот на изминатиот ден издадени се 65 мандатни платни налози и 55 возила се подигнати со специјално возило "пајак".

На 07.08.2019 во 13,00 часот било пријавено дека во Гостивар на булеварот „Браќа Ѓиноски" патничко моторно возило „Мерцедес" управувано од А.С.(56) од с.Порој-тетовско, удрило во Ф.И.(22) од с.Дебреше, која се здобила со тешки телесни повреди и била пренесена во Медицинскиот центар Гостивар за укажување на лекарска помош. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од Полициската станица Гостивар.

На 07.08.2019 од 9 до 14 часот, на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Тетово спроведена е акциска контрола и откриени се 27 технички неисправни возила (ТЕ-14 и ГВ-13 ).Најголемиот број од нив ( ТЕ-10 и ГВ-7 ) имале неисправни сопирачки и други системи и опрема (ТЕ-4 и ГВ-3 ).Во акциската контрола, исто така, откриени се 11 возила со истечена сообраќајна дозвола (ТЕ -8 и ГВ-3) и други прекршоци, како и 7 возачи (ТЕ-5 и ГВ-3 ) кои ги управувале возилата без положен возачки испит. Утврдените прекршоци заокружени се со соодветни прекршочни и мандатни платни налози и со барања за поведување на прекршочна постапка.

На 07.08.2019 СВР Штип во периодот од 09.00-13.00 часот спроведе засилена акциска контрола на возила и возачи. Притоа, контролирани се вкупно 135 возила од кои 50 се упатени во станица за технички преглед. Од извршената контрола било констатирано дека седум возила биле технички неисправни. Исто така било констатирано дека две биле со измината важност на сообраќајната дозвола и четири биле нерегистрирани. Преземени се и 32 мерки за констатирани прекршоци од страна на возачите, односно шест возачи се исклучени од сообраќај, издадени се 12 мандатни платни налози, 12 прекршочни платни налози и 2 писмено предупредени возачи. Преземени се 4 мерки за непрописно паркирани возила и издадени се 4 мандатни платни налози.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кавадарци поднесена кривична пријава против Ѓ.М. (57) од село Ваташа,кавадаречко поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување,држење,посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи‟. На 22.03.2019 година во 10,20 часот по преземени мерки, од полициски службеници, пријавениот предал пушка „ИЖ‟ калибар 16, два куршуми, кои ги поседувал без соодветна дозвола.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против А.Л.(36) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување или уништување на деловни книги‟. Пријавениот, како сопственик и управител на „Проелит‟ ДООЕЛ Скопје, изготвил лажна фактура во износ од 1.000.000 денари од 20.03.2019 година, за испорачан рекламен материјал на правно лице од Скопје, и покрај тоа што немало деловна соработка помеѓу наведените правни лица. По ова, истиот со закани го принудул С.Б. управител на оштетеното правно лице, да ја потпише таквата фактура, а потоа истата ја доставил до адвокат, кој до нотар поднел предлог за издавање на решение за нотарски платен налог. Откако, решението за издавање на нотарски платен налог станало извршно, истото било доставено до извршител, по што од страна на истиот било реализирано повлекување на паричниот износ наведен во фактурата. На овој начин пријавениот

овозможил „Проелит" ДООЕЛ Скопје да се стекне со противправна имотна корист од 1.000.000 денари на штета на другото правно лице.

На 08.08.2019 пронајдена е и вратена дома Л.Т. (62) од Скопје, за која од страна на нејзината ќерка на 03.08.2019 во 18,30 часот во Полициската станица Чаир било пријавено дека се оддалечила од домот.

На 07.08.2019 во 21.30 часот во СВР Скопје А.А.(53) од Скопје пријавил дека на улицата "Максут Садик" Х.К.(33) од Скопје физички го нападнал неговиот 17 годишен син. Се работи на расчистување на случајот.

На 07.08.2019 во 18,20 часот во СВР Скопје А.Д.(53) од Скопје пријавил дека на булеварот "Гоце Делчев" бил физички нападнат од две лица. Се работи на расчистување на случајот.

На 07.08.2019 година во 22,00 часот во СВР Скопје,Л.К.(42) пријавил дека на булевар „Партизански Одреди" на паркинг пред угостителски објект, две лица со закана му одзеле ташна. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.08.2019 во 00,03 часот во СВР Скопје, било пријавено дека едно лице со закана одзело пари и цигари од продавница на улица„11-ти Октомври". Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.08.2019 во 21,30 часот во СВР Скопје, Д.Ј. од Скопје, пријавила дека на ул. Венјамин Мачуковски едно лице физички ја нападнало и и одзело мобилен телефон. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

- » Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)
- » Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)
- » Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)
- (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)
- » Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)